Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 248, 17 февруари 2020 година

февруари 2020 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 10

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 18

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ОФТАЛМОЛОГИЈА” ОД АВТОР ПРОФ. Д-Р НЕВЕНКА ЛАБАН-ГУЧЕВА, МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 28

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ/АУДИО ЦД СО НАСЛОВ „СОНАТНА ПРИКАЗНА” ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 31

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 ........ 33

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 34

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/8 од 19.11.2019 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научната област *хирургија* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – претседател;
- **д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член;
- **д-р Александар Митевски**, насловен доцент за наставно-научната област дигестивна хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5.11.2019 година и во предвидениот рок се пријавија пет кандидати:

- д-р Илија Милев, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија;
- д-р Владимир Чадиковски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на детската хирургија;
- д-р Стефан Петровски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на торакалната хирургија;
- д-р Гордана Божиновска-Беака, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија;
- д-р Ристо Симеонов, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на детската хирургија.

Кандидатите д-р Гордана Божиновска-Беака и д-р Ристо Симеонов ги повлекоа своите пријави и документи доставени на овој Конкурс.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Стефан Петровски** е роден на 27.11.1982 година во Штип, каде што ги завршува основното и средното образование, со континуиран одличен успех (5.00).

Во учебната 2001/2002 година се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломира на 3.12.2007 година со просечен успех 8.56 и притоа се стекнува со стручно звање доктор на медицина.

Во учебната 2007/2008 година е ангажиран како професор по предметот Психијатрија, Интерна медицина во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански” – Штип.

Во 2008 година, со отворањето на Факултетот за медицински науки во Штип е вработен од Матичната комисија со Одлука бр. 0206-1200 како лаборант на седницата одржана на 6.8.2008 г.

Започнува да работи како лаборант по предметот Биохемија за студентите на Општа медицина.

Со Одлука бр. 2502-45/10 на седмата седница на 4.3.2009 год. д-р Стефан Петровски е избран во помлад асистент по фундаментални медицински науки со време од 5.3.2009 до 5.3.2012 год.

Од октомври 2009 год. се запишува на специјализација по општа хирургија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Александар Караѓозов.

На 12.3.2014 год. успешно го положува испитот и се стекнува со стручно звање специјалист по општа хирургија.

На Факултетот за медицински науки продолжува да работи и со Одлука бр. 2502-97/6 на 54. седница на Факултетот е избран во асистент по клинички медицински предмети во траење од 16.9.2011 до 16.9.2014 година.

Во 2011 година се запишува на трет циклус на студии на Медицинскиот универзитет во Софија на Катедрата по општа и оперативна хирургија и разработува тема „Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хируршко лекување“ на Клиниката по општа и црнодробно-панкреатична хирургија под менторство на проф. д-р Виолета Димитрова, дмн, при УМБАЛ Александровска болница, Софија, Р. Бугарија.

Во периодот од 6 години работи на својата докторска дисертација и на 20.1.2017 год. на Медицинскиот универзитет во Софија успешно ја брани и се стекнува со научно звање доктор на медицински науки.

На 130. седница на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 18.11.2014 година, со Одлука бр. 2502-291/20 кандидатот ас. д-р Стефан Петровски е избран во асистент-докторанд од областа дигестивна хирургија во периодот од 18.11.2014 до 18.11.2019 година.

Од 1.3.2015 година со преземање ас. д-р Стефан Петровски започнува да работи како специјалист по општа хирургија на РЕ Хирургија при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Од 20.7.2015 до 20.8.2015 г. е испратен на стручно усовршување за лапароскопска и роботска хирургија во Liv hospital Истанбул кај проф. д-р Октар Озоглу.

Во февруари 2016 година кандидатот започнува супспецијализација од областа торакална хирургија под менторство на проф. д-р Андреја Арсовски и коменторство на проф. д-р Зоран Спировски.

На 16.3.2018 г. успешно го положува испитот е се стекнува со стручно звање супспецијалист по торакална хирургија.

Од тогаш кандидатот работи како специјалист по општа хирургија и супспецијалист по торакална хирургија во ЈЗУ Клиничка болница – Штип и како ангажиран асистент во Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот ас. д-р Стефан Петровски е член на Лекарската комора на Република Северна Макединија, член на Хируршкото здружение и на Здружението на кардиоторакални хирурзи на Р. Северна Македонија.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,56.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хирушколекување“ е одбранета на 20.1.2017 година на Медицински факултет во Софија, Р. Бугарија.
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Број | Автор | Наслов на труд | Списание | Година на излегување на списание |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Stefan Petrrovski,** Elena Arabadzhieva, Saso Bonev, Dimitar Bulanov, Valentin Popov and Violeta Dimitrova | Methods for vascular control in liver resections due to colorectal metastases – impact on residual paren-chyma | Mecedonian Medical Review 2016; 70 (2) UDK:61+061.231=866=20 CODEN:MKMPA3 ISSN:0025-1097 www.mld.org.mk | 1946 |
| 2. | **Stefan Petrovski**, Elena Arabadzhieva, Saso Bonev, Dimitar Bulanov, Valentin Popov and Violeta Dimitrova | Prognostic factors affecting survival of patients after liver resection due to colorectal liver metastases | Mecedonian Medical Review 2016; 70 (3) UDK:61+061.231=866=20 CODEN:MKMPA3 ISSN:0025-1097 www.mld.org.mk | 1946 |
| 3. | **Stefan Petrovski,** MarijaIlova Karako-levska, Elena Joveva Simeonovska, Aleksandar Serafimovski, Ljubica AdziAndov and Violeta Dimitrova | Influence of the type and amount of the liver resection of the survival of the patients with colo-rectal liver metasta-ses. | MecedonianJurnal of Medical Sciences 09, 2018 https://doi.org/10.3889/oamjms.2018.116e ISSN: 1857-9655 | |
| 4. | Simeonovska Joveva, Elena and KarakolevskaIlova, Marija and **Petro-vski, Stefan** | Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis | ActaMedicaMedianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478, 2019 | |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – германски и англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Стефан Петровски има 12-годишна академска кариера, со три избори од помлад асистент, асистент и асистент докторанд.

**Посебни услови:**

- Две препораки од професори – од проф. д-р Зоран Спировски и проф. д-р Томе Стефановски, супспецијалист по торакална хирургија и супспецијалист по пулмологија од Универзитетската клиника за торакална хирургија и УК за пулмологија - Скопје.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=45; (НИ)=50; (САОР)=0 или вкупно 95 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот ас. д-р Стефан Петровски во периодот од 2008 до 2014 година со Одлука бр. 2502-45/10, бр. 2502-97/6 и бр. 2502-291/20 минал низ сите фази на избор и реизбор на Факултетот за медицински науки во Штип и е ангажиран како асистент.

Во учебната 2008/2009 г. работи како лаборант по предметот Биохемија, со изборот во помлад асистент по фундаментални медицински науки започнува да работи со студенти на Општа медицина и со студенти од ВМШ.

Со Одлука бр. 2502-45/10 д-р Стефан Петровски е избран во звање **помлад асистент** по фундаментални медицинкски науки.

Во учебната 2009/2010 со Одлука бр. 0402-4/93 д-р Стефан Петровски е ангажиран на предметите: Физиологија за МСТ, Физиологија 1 за ОМ , Физиологија 2 за Стоматолози и Физиологија со основи на анатомија за Фармацевти.

Во учебната 2010/2011 д-р Стефан Петровски е ангажиран како помлад асистент на предметите Хирургија со нега за МСТ, Хирургија и урологија со нега за Физиотерепевти.

На 16.9.2011 година на 54. седница на Факултетот за медицински науки при УГД Штип со Одлука бр. 2502-97/6 е избран во **асистент** по клинички медицински предмети.

Во учебните 2011/2012 и 2012/2013 д-р Стефан Петровски е ангажиран на предметите Хирургија со нега за МСТ, Хирургија со урологија за Физиотерапевти, Хирушка пропедефтика, Хирургија 1 и 2 за студенти на Општа медицина.

На 130. седница на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 18.11.2014 година, со Одлука бр. 2502-291/20 кандидатот ас. д-р Стефан Петровски е избран во **асистент-докторанд** од областа дигестивна хирургија во периодот од 18.11.2014 до 18.11.2019 година.

Во наредните студиски години ас. д-р Стефан Петровски успешно ја извршува работата како асистент по хируршките предмети за студентите од стручните медицински програми, како и по предметите Клиничко испитување 2 и по Хирургија 1 и 2 за студентите на Општа медицина.

Во текот на овие години активно и пасивно учествува на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со хирургијата. Учесник е на XIV National congress of surgery - with international participation in Sofija, на X congress with international participation – Macedonian surgery organization, Ohrid, 2010.

Кандидатот низ својата професионална кариера како асистент и супспецијалист пројавува интерес и во научноистражувачката работа во последните 5 години публикувал:

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. Petrovski, Stefan and Arabadzieva, Elena and Bonev, Saso and Bulanov, Dimitar and Popov, Valentin and Dimitrova, Violeta (2016) *Methods for vascular control in liver resection due to colorectal metastases - impact on residual parenchima.*Македонско лекарско друштво, Македонски медицински преглед, 70 (2). pp. 63-67. ISSN 0025-1097

Во трудот е прикажано влијанието на пероперативното користење на техники за васкуларна контрола при трансекција на црниот дроб и нивната импликација на функционалноста на резидуалниот паренхим. Прикажано е влијанието на користењето на техники како Pringle maneuver и влијанието на времетраењето на овој метод за васкуларна контрола и придобивките од интермитентност на истиот. Во групата на пациенти на кои е применет под 15 минути е забележана сигнификантна помала крвозагуба, како и помало влијание на методот на резидуалниот хепатален паренхим. На групата со Pringle над 15 минути е забележано поголеми постоперативни вредности на ALT, AST, GGT. Во групата без употреба на овој метод за васкуларна контрола се забележани сигнификантно помали вредности на трансаминазите во раниот постоперативен период што го покажува влијанието на овој метод на резидаулниот паренхим при ресекции на црн дроб.

2. Petrovski, Stefan and Aravadzieva, Elena and Bulanov, Dimitar and Bonev, Saso (2016) *Prognostic factors affecting survival of patients after liver resection due to colorectal liver metastases.*Списание на македонското лекарско друштво, Македонски медицински преглед, 70 (3). pp. 136-142. ISSN 0025-1097

Во овој научен труд се прикажани различните клинички, демографски и фактори на примарниот тумор, како и влијанието на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб како прогностички фактори. Синхрони или метахрониколоректални метастази на црниот дроб, бројот на лезиите, локализицијата – уни или билобарни метастази, екстрахепатална метастатска болест, метастатска лимфаденопатија, возраст, пол, диференцираност на примарниот тумор итн. Со овие фактори може да се одреди нивната импликација на преживувањето на пациентите со колоректални метастази на црниот дроб, а воедно може да се користат и за селекција на пациенти кои би имале бенефит и долгогодишно преживување од ресекција на црниот дроб.

3. Petrovski, Stefan and KarakolevskaIlova, Marija and SimeonovskaJoveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Dimitrova, Violeta (2018) *Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases.* Open Access Maced J Med Sci, 6 (6). ISSN 1857-9655

Во овој научен труд е прикажано влијанието на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб кај пациенти со колоректални метастази и нивното влијание на преживувањето. Типот на ресекција анатомска или неанатомска ресекција кај пациенти со колоректални метастази на црниот дроб не влијаат на долгогодишното преживување на пациентите, неанатомските се поврзани со поголем процент на позитивни ресекциони маргини или R 1 ресекција и имаат поголем процент на рецидиви. Екстензитетот или големината на ресекција исто така немаат сигнификантно влијание на преживувањето на пациенти, мајор ресекциите имаат поголем процент на морбидитет и морталитет, но не влијаат на преживувањето на пациентите со колоректални метастази на црниот дроб.

4. Simeonovska Joveva, Elena and KarakolevskaIlova, Marija and Petrovski, Stefan (2019) *Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis.* Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478

Во овој научен труд е прикажан случај на Амиотрофична латерална склероза (АЛС) која вклучува голем број нарушувања што предизвикуваат дегенерација на долните и горните моторни неврони и наоди во регионот на сијалицата и најмалку два ‘рбетни региони или UMN и LMN во три региони на ‘рбетот. Обично АЛС е претставен со слабост во сијалицата или асиметричноста на екстремитетите, губење на способноста да зборува, да голта и да дише. Болеста *кенеди* е форма на МНД која е поврзана со вклучување на сијалиците и X-поврзано рецесивно наследство. Симптомите вклучуваат грчеви во мускулите, дистрибуција на екстремитети на слабост во мускулите, симптоми на сијалица и клинички карактеристики што ги разликуваат вклучуваат особено фаскулации на лицето и периорната страна. Ова е студија на случај на 43-годишен маж, кој страдаше од повторливи грчеви во мускулите и прогресивнасиметричнаслабостнад олниотекстремитет, со истакната заморувачка компонента на оваа слабост, слабост на рамото, тешкотии при голтање и гмечење на лицето. Дијагностицирање и благи симптоми што ги изложуваат некои пациенти. Електрофизиолошките прегледи се клучна точка за дијагностицирање на болеста *кенеди*. Во нашиот случај, откривме симетрична слабост, сензорни абнормалности при електрофизиолошко тестирање, истакнати фасцинации на лицето и гинекомастија кои не беа карактеристични за АЛС и посочивме дека тоа е еден од синдромите на МНД, како што е болеста *кенеди* и тоа беше потврдено со генетско тестирање.

1. ***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Стефан Петровски е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на општата, дигестивната и торакалната хирургија. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постер и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни трудови и стручни трудови.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, Петровски ги држел вежбите за повеќе предмети на прв циклус студии на ФМН.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период, д-р Стефан Петровски ги има реализирано следниве стручно и организациско-развојни активности.

Д-р Петровски има остварено:

2. Менторство на студентите – постер презентација на тема „Спонтан пнеумоторакс кај млади" на Вториот конгрес на студенти по општа медицина при Универзитет „Гоце Делчев", што се одржа во Штип од 9 до 10 мај 2019 година.

Член е на следните институциски органи:

3. Лекарската комора на Р. Северна Македонија;
4. Македонското лекарско друштво;
5. Здружение на хирурзи на Р. Северна Македонија;
6. Здружение на кардиоторакални хирурзи на Р. Северна Мекедонија.

**Техничко унапредување:**

7. Од 21.6.2015 година до 17.7.2015 година успешно завршува и тренинг курс од областа на минималинванзивната и роботска хирургија во Liv hospital – Istanbul - Turkey.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена.

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци, Комисијата смета дека кандидатот д-р Стефан Петровски поседува стручни, научноистражувачки и наставно-образовни квалитети, исполнувајќи ги притоа законските услови за избор на наставник во насловното звање насловен доцент за наставно-научната област хирургија.

**Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Стефан Петровски во звањето насловен доцент за наставно-научната област хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Андреја Арсовски, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Влатко Цветановски, вонреден професор, член, с.р.

Д-р Александар Митевски, доцент, член, с.р.

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Стефан Петровски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | 1. Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв афтор) | 3 | 9 | | | **27** |
| | 2. Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати афтори) | 1 | 3 | | | **3** |
| | 3. Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| | 4. Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 2 | 6 | | | **12** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **50** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **0** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **95** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/8 од 19.11.2019 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научната област *хирургија* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – претседател;
- **д-р Александар Митевски**, насловен доцент за наставно-научната област дигестивна хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член;
- **д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5.11.2019 година и во предвидениот рок се пријавија пет кандидати:

- д-р Илија Милев, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласата на дигестивната хирургија;
- д-р Владимир Чадиковски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласата на детската хирургија;
- д-р Стефан Петровски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласата на торакалната хирургија;
- д-р Гордана Божиновска-Беака, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласата на дигестивната хирургија;
- д-р Ристо Симеонов, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласата на детската хирургија.

Кандидатите д-р Гордана Божиновска-Беака и д-р Ристо Симеонов ги повлекоа своите пријави и документи доставени на овој Конкурс.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински наукида му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Илија Милев** е роден на 5.3.1975 година во Штип, каде што ги завршува основното и средното образование, со континуиран одличен успех (5.00).

Во учебната 1993/1994 година се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломира на 4.11.1999 година со просечен успех 8.53 и притоа се стекнува со стручно звање доктор на медицина.

По положувањето на стручниот испит на 20.12.2000 година и добивањето на лиценцата работи како волонтер со полно работно време во Јавна здравствена организација (ЈЗО) Медицински центар – Штип, најпрво во Службата за општа медицина, а потоа на Одделението за оториноларингологшки (ОРЛ) заболувања.

Во учебната 1999/2000 година е ангажиран како професор по предметот Гинекологија со акушерство во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански" – Штип. Наредните две учебни години е ангажиран во истото училиште како професор по предметот Хигиена со нега на болен.

Волонтерскиот стаж на Одделението за ОРЛ заболувања му завршува на 11.6.2002 година, кога се вработува во работната единица (РЕ) за Итна медицинска помош со домашно лекување при ЈЗО Медицински центар – Штип. Од 1 септември 2003 година е упатен на специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. На 25.1.2008 година го положува специјалистичкиот испит по специјалноста општа хирургија и се стекнува со стручно звање специјалист по општа хирургија. По континуирана 4-годишна работа како хирург во РЕ Хируршки болести при Јавна здравствена установа (ЈЗУ) Клиничка болница - Штип, на 2.5.2012 година е упатен на супспецијализација по дигестивна хирургија на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје. На 2.6.2014 година го положува супспецијалистичкиот испит по дигестивна хирургија и се стекнува со стручно звање супспецијалист по дигестивна хирургија. До овој момент работи како општ и дигестивен хирург на Одделот за хируршки болести при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Во мај 2010 година е избран во звање асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во мај 2013 година повторно е избран во звањето асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во 2014 година се запишува на докторски студии на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студиска програма: Клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија. На 25.1.2019 г. успешно ја брани докторската дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" под менторство на проф. д-р Александар Караѓозов и се стекнува со академски степен доктор на медицински науки.

За време на работниот век, повеќе пати бил на усовршување, особено во областа на лапароскопската хирургија. Од 13 март до 10 април 2011 година успешно завршува тренинг курс од областа на абдоминалната и лапароскопската хирургија во Ankara Numune болницата во Анкара, Република Турција. Од 3 декември до 28 декември 2012 година успешно завршува курс од областа на лапароскопската хирургија во болницата Florence Nightingale во Истанбул, Република Турција.

Од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година остварува студиски престој на St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД. Дополнително таму успешно завршува и тренинг курс од областа на роботската хирургија со Da Vinci Robotic Simulator.

Д-р Илија Милев е автор и коавтор на повеќе стручни и научни трудови објавени во странски и домашни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,53.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" е одбранета на 25.1.2019 година на Медицински факултет во Скопје.
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / конференција | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Markov, Petar, and Milev, Ilijaand Mitevski Aleksandar (2019) | Hydatid cyst migrationin peritoneal cavity: A case report | Lietuvos chirurgija, ISSN 1392-0995 \| eISSN 1648-9942 (accepted) | 16 години |
| 2 | Milev,IlijaandKaragjozov,Pancheand Mitevski, Aleksandar and Mihailov, Marjan(2019) | Annular pancreas with choledocholithiasis in an adult male patient: a case report. | International SurgeryJournal, 6 (10). pp. 3834-3838. ISSN 2349-3305, 2349-2902 | 5 години |
| 3 | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) | A Safe Laparoscopic Appendectomyin Relation to Preoperative Parameters: Our Experience | Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (3). pp. 1-10. ISSN 1857-5587 | 12 години |
| 4 | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) | Utilization of Laparoscopic Appendectomy – A Three-year Experience | Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (1). pp. 47-57. ISSN 1857-5587 | 12 години |
| 5 | Karagjozov, Aleksandar and Milev, Ilija and Antovic, Svetozar and Kadri, Edzevit (2014) | Retrorectal Dermoid Cyst Manifestedasan Extrasphincteric Perianal Fistula - CaseReport | Chirurgia, 109 (6). pp. 850-854. ISSN 1221-9118, 1842–368X | 16 години |
| 6 | Joksimović,Vladimir and Karagjozov, Aleksandar and Jota, Gjorgi and Milev,Ilija and Gelevski, Radomir (2014) | Risk Factorsfor Early Postoperative Complications after Surgery for Crohn's Disease | Acta Facultatis Medicae Naissensis, 31 (3). pp. 147-154. ISSN 0351-6083, 2217-2521 | 21 година |

- Потврд за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Илија Милев има 9-годишна академска кариера, со два избори во звање асистент (специјалист).

**Посебни услови:**

- Постигнувања во примената на истражувачките резултати – развиен алгоритам за безбедна имплементација на лапароскопската апендектомија кој се користи во пракса во Клиничка болница – Штип.
- Две препораки од професори – од проф. д-р Александар Караѓозов и проф. д-р Зоран Караџов, суспецијалисти по дигестивна хирургија од Универзитетската клиника за дигестивна хирургија - Скопје.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=81; (САОР)=31 или вкупно 142 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука бр.2502-60/35 од 11.5.2010 година е избран во звање асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки (ФМН) при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2502-94/5 од 7.5.2013 година повторно е реизбран во звањето асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

До сега кандидатот учествувал во наставата на прв и втор циклус на ФМН, и тоа:

- *Прв циклус студии* – вежби по Хирургија 1, Хирургија 2, Клиничко испитување 2,

Хируршка пропедевтика, Општа хирургија и Хирургија со рехабилитација;
- *Втор циклус студии* - **Висока медицинска школа во рамките на ФМН**: Нормативи и стандарди во оперативен блок.

Во текот на овие години активно и пасивно учествува на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со хирургијата. Меѓу другото е постојан учесник на Интернационалниот симпозиум за колопроктологија, кој на секои две години се одржува во Белград, Република Србија, почнувајќи од 2006 г. до 2016 година. Учествува и на осмиот научен годишен состанок на Европското здружение за колопроктологија во Белград, 2013 година, како и на деветтиот македонски конгрес за гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество во Охрид 2012 година.

Д-р Илија Милев во јуни 2016 г. остварува студиски престој во St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД, од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. Markov, Petar, and Milev, Ilija and Mitevskim Aleksandar (2019) Hydatid cyst migration in peritoneal cavity: A case report. Lietuvos chirurgija, ISSN 1392-0995 | eISSN 1648-9942 (accepted)

Во трудот се опишува невообичаена презентација на ехинококова болест на црниот дроб со мигрирачка хидатидна циста во Дугласовиот простор кај 38-годишна пациентка. Состојбата е успешно дијагностицирана предоперативно со помош на комплетна ултрасонографија на абдоменот и контрастна компјутерска томографија по што следи успешен оперативен третман преку медијана лапаротомија без постоперативни компликации. Случајот наведува на задолжително комплетно предоперативно имицинг иследување на целата абдоминална празнина при оперативниот третман на ехинококовата болест на црниот дроб.

2. Milev, Ilija and Karagjozov, Panche and Mitevski, Aleksandar and Mihailov, Marjan (2019) Annular pancreas with choledocholithiasis in an adult male patient: a case report. International Surgery Journal, 6 (10). pp. 3834-3838. ISSN 2349-3305, 2349-2902.

До пред десетина години се објавени само нешто повеќе од 700 случаи на ануларен панкреас во Англиската литература, а во последните години поради зголемите можности за предоперативна дијагноза со помош на ендоскопска ретроградна холангиопанкреатографија и магнетна резонанца оваа бројка рапидно расте. Во трудот се опишува успешен оперативен третман на ануларен панкреас со невообичаена манифестација поврзана со присуство на холедохолитијаза. Направени се повеќе предоперативни иследувања, но сепак дијагнозата е поставена интраоперативно. На крајот се потенцира потребата од детално познавање на ембриолошкиот развиток на оваа аномалија за донесување правилна одлука при изборот на оперативниот третман од што секако зависи успехот во лекувањето.

3. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) A Safe Laparoscopic Appendectomy in Relation to Preoperative Parameters: Our Experience. Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (3). pp. 1-10. ISSN 1857-5587

Се работи за проспективна клиничка студија со 63 учесници, спроведена во две институции во двегодишен период со цел да се утврди поврзаноста помеѓу одредени предоперативни: клинички, лабораториски, ехотомографски и КТ параметри кај испитаниците и нарушената безбедност при изведувањето на лапароскопската апендектомија поради акутен апендицитис. Во детално испланирана и систематизирана студија анализата покажува дека: присуството на коморбидитети, времетраењето на

симптоматологијата предоперативно, вредностите на Ц – реактивниот протеин, тоталниот билирубин, како и можноста за постоење на комплицирана форма на акутен апендицитис се состојби на кои треба да се внимава при намерата за изведување на лапароскопската апендектомија без тешкотии, компликации и можност за конверзија во отворен пристап.

4. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) Utilization of Laparoscopic Appendectomy – A Three-year Experience. Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (1). pp. 47-57. ISSN 1857-558

Во ретроспективна студија спроведена на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје врз вкупно 361 пациент со акутен апендицитис се анализирани предоперативните параметри кај пациентите кои играле улога во изборот на хируршкиот пристап, како и во одлуката за конверзија од лапароскопски во отворен пристап. Се заклучува дека употребата на лапароскопската апендектомија се однесувала на ограничена бројка на помлади пациенти, претежно од женскиот пол, без коморбидитети, повеќето со Американско здружение на анестезиолозите (АСА) скор I и II и со понизок степен на апендицитис. Селективноста во употребата на лапароскопскиот пристап во третманот на акутниот апендицитис дала одлични резултати во поглед на безбедноста на лекувањето во согласност со резултатите од современта литература.

5. Karagjozov, Aleksandar and Milev, Ilija and Antovic, Svetozar and Kadri, Edzevit (2014) Retrorectal Dermoid Cyst Manifested as an Extrasphincteric Perianal Fistula - Case Report. Chirurgia, 109 (6). pp. 850-854. ISSN 1221-9118, 1842–368X

Во трудот се опишува единствен случај во литературата на ретроректална дермоидна циста со презентација во форма на екстрасфинктерна перианална фистула кај 35-годишна пациентка. Дијагнозата е успешно поставена предоперативно со магнетна резонанца и фистулографија. Се работи за две исклучително ретки и тешки состојби кај иста пациентка кои се успешно оперативно третирани во истиот зафат без притоа да се наложи креирање на привремена стома кај пациентката.

6. Joksimović, Vladimir and Karagjozov, Aleksandar and Jota, Gjorgi and Milev, Ilija and Gelevski, Radomir (2014) Risk Factors for Early Postoperative Complications after Surgery for Crohn's Disease. Acta Facultatis Medicae Naissensis, 31 (3). pp. 147-154. ISSN 0351-6083, 2217-2521.

Во ретроспективна студија спреведена на 41 пациент третирани оперативно поради Кронова болест на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје заклучено е дека главно два предоперативни ризик фактори можат да се поврзат со појавата на рани постоперативни компликации кај третираните пациенти. Тоа се: постоење на перфорација и предоперативна леукоцитоза/леукопенија. Во анализа на три студии од три различни страни на светот: Изрел, Јужна Кореја и Германија и споредба со условите во нашата земја е заклучено дека во наши услови Кроновата болест се третира по светски прифатените стандарди во поглед на индикациите за оперативно лекување, како и типовите на оперативните зафати, а дека притоа нема поголеми отстапувања во поглед на постоперативниот морбидитет.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Илија Милев е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на општата и дигестивната хирургија. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постер и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни трудови и стручни трудови.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, Милев ги држел вежбите на повеќе предмети од прв циклус на студии од ФМН, како и предавањата на предмет од втор циклус на Високата медицинска школа.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период, д-р Илија Милев ги има реализирано следниве стручни и организациско-развојни активности.

Д-р Милев има остварено:

7. Учество со реферат – усна презентација на тема „Суптоталнап роктоколектомија со илеален пауч анална анастомоза (ИПАА) – златен стандард во хируршкиот третман на улцерозен колитис" на стручниот состанок на Здружението на хирурзи на Р. Македонија на 5 мај 2017 година во Штип.
8. Учество со реферат на работилницата „Запознавање со основи на лапароскопската хирургија" на Вториот конгрес на студенти по општа медицина при Универзитетот „Гоце Делчев" што се одржа во Штип од 9 до 10 мај 2019 година, исто така имал.

Д-р Илија Милев почнувајќи од 2.2.2015 година учествува во следниве проекти:

9. (2017) Employment Service Agency: IPA PROJECT "Supporting employment of young people "CONTRACT TITLE "Component B– Trainings for Skills Demanded on the Labour Market" LOT 4 Training for Caregiver of elderly and helpless persons in domestic conditions, Identification number 12-7741/1-6.3-4;
10. (2016-2017) IOM "Pathway to employment through skills development and sustainable labour market integration of the Roma, in particular Roma women (PATHSKILL)" ID IOMSKP077/16;
11. (2017) EPTISA - Local integration of the refugees, internally displaced persons and minority groups - Component 2 - Institutional capacity building and Access to Labour Market for refugees and IDP" Europe Aid/136616/IH/SER/MK (Ref.no. 12-8715/1).

Член е на следните институциски органи:

12. Лекарската комора на Република Македонија и
13. Македонското лекарско друштво.

Бил или тековно е член и на следниве институциски комисии:

14. Комисија за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (Решение бр. 03-2732/1 од 26.12.2014 – ЈЗУ Клиничка болница Штип и Решение бр. 12765/1 од 24.12.2014 – Министерство за здравство) – член до 2017;
15. Стручна комисија за разгледување на случаи на пациенти болни од малигни заболувања, ЈЗУ Клиничка болница – Штип (Решение бр. 03-1756/2 од 12.8.2014 г.) – функционира и тековно;
16. Второстепена лекарска комисија како стручно-медицински орган за давање наод, оценка и мислење по постапка за оценување на привремена спреченост за работа во ФЗОМ (Договор бр. 04-1746/145 од 6.5.2010 - ФЗОМ) – член до 2017 година;
17. Комисија за селекција на ЈЗУ Клиничка болница – Штип (Одлука бр. 02-1309/1 од 2.5.2013).

Техничко унапредување:

18. Од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година успешно завршил и тренинг курс од областа на роботската хирургија со Da Vinci Robotic Simulator во St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Илија Милев во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент; има континуирано научно напредување, позитивни научноистражувачки резултати и извонреден придонес во доменот на медицинските науки; има одличен придонес во наставно-образовната и стручно-апликативната дејност; ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере **д-р Илија Милев во звањето насловен доцент за наставно-научната област хирургија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Андреја Арсовски, насловен вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Александар Митевски, насловен доцент, член, с.р.

Д-р Влатко Цветановски, насловен вонреден професор, член, с.р.

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Илија Милев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање асистент | 2 | 15 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | | | 3 (x 9)<br>4 (x 6) | 27<br>24 | 51 |
| 2 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 3 | Одбранета специјализација | 2 | 6 | | | 12 |
| 4 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| 5 | Труд со оргинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **81** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 5 | 2 | | | 10 |
| 2 | Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| 3 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 2 | 0,5 | | | 1 |
| 4 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 5 | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **31** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **142** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-226/8 од 19.11.2019 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 19.11.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научната област *хирургија* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – претседател;
- **д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член;
- **д-р Александар Митевски**, насловен доцент за наставно-научната област дигестивна хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5.11.2019 година и во предвидениот рок се пријавија пет кандидати:

- д-р Илија Милев, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија;
- д-р Владимир Чадиковски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на детската хирургија;
- д-р Стефан Петровски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на торакалната хирургија;
- д-р Гордана Божиновска-Беака, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија;
- д-р Ристо Симеонов, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на детската хирургија.

Кандидатите д-р Гордана Божиновска-Беака и д-р Ристо Симеонов ги повлекоа своите пријави и документи доставени на овој Конкурс.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Владимир Чадиковски** е роден е во Скопје, Р. Македонија, на 26.4.1973 год., каде што завршува основно и средно образование. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје се запишува во 1991 год., а дипломира во 1997 год., со просечен успех 9,17. По полагањето на стручниот испит во 1997 год. започнува со волонтерска работа на Клиниката за детска хирургија. Се вработува на Клиниката за детска хирургија во 1998 год. Со специјализација од областа на детската хирургија започнува во 2000 год., а специјалистичкиот испит го положува во 2004 год. Во 2016 год. на истоимениот Универзитет ја брани својата докторска дисертација на тема „Ретроспективна компаративна студија во решавањето на приматни антериорни хипоспадии по методите на SNODGRASS I MATHIEU”, со просек 9,5. Од 2017 год. е избран за научен соработник по предметото Хирургија при Медицински факултет во Скопје. Од 2015 год. ја започнува суспецијализацијата по неонатална и детска кардиохирургија, а успешно ја завршува во 2018 год. Од 2016 до 2019 година е раководител на Одделот за

детска кардиохирургија и интензивно лекување на Клиниката за детска хирургија. Од 2019 година е раководител на Одделот за детска кардиохирургија и интензивно лекување при Клиничката болница „Аџибадем Систина".

Од февруари 2018 г. започнува со работа во Клиничката болница „Жан Митрев" сè до август истата година, кога се префрлува во Клиничката болница „Аџибадем Систина" каде што работи и денес.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 9,17.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Ретроспективна компаративна студија во решавањето на приматни антериорни хипоспадии по методите на SNODGRASS I MATHIEU" е одбранета во 2016 година на Медицински факултет во Скопје.
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / конференција | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Chadikovski Vladimir, Dimov A, Todorovic L, Simeonov R, Efremov Lj, Petrovski M | Retrospective comparative study of primary anterior hypospadia repair using Snodgrass and Mathieu methods | Acta Morphologica Vol.12 (2) 2015 | 12 години |
| 2 | Chadikovski V, Dimov A,Todorovik L, Simeonov R, Petrovski M | Repair of primary anterior hypospadia using Snodgrass procedure | Physioacta Vol.9-No2 2015 | 12 години |
| 3 | Манџуковска Христина, Розана Кацарска, Аспазија Софијанова, Констандина Кузевска-Манева, Владимир Чадиковски,Љиљана Којиќ, Радица Муратовска-Делимитова, Мими Кимовска-Христова, Силвана Наунова-Тимовска, Тамара Воиновска, Спасија Нешкова, Бети Ѓуркова, Валентина Јовановска, Марија Нешковска, Дафина Кузмановска | Невролошките нарушувања – конвулзии по кардиохируршки интервенции кај деца | Physioacta 2016, Vol.10-No2 | 12 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Mandzukovska H., Sofijanova A., Maneva K., Chadikovski V., Ljiljana K., Muratovska-Delimitova R., Kimovska-Hristova M., Naunova-Timovska S., Voinovska T., Neshkova S., Gjurkova B., Jovanovska V., Neshkovska M., Jakovska T., Kuzmanovska D. | Troponin – Factor for determination of myocardial ischemic damage in postoperative period of cardiac surgery in pediatric population | Acta Morphologica 2016, Vol.13 (2) | 12 години |
| 5 | Констандина Кузевска-Манева, Розана Кацарска, Бети Ѓуркова-Ангеловска, Валентина Јовановска, Марија Нешковска-Шуменковска, Елита Манева, Слободан Илиќ, Милан Цукиќ, Владимир Чадиковски | Cor triatrium sinister – ретка вродена срцева мана – наши искуства во дијагнозата и третманот во детска возраст | Архиви на јавното здравје 2019 | 5 год. |
| 6 | Mile Petrovski, Risto Simeonov, Lazar Todorovikj, Vladimir Chadikovski, Shaban Memeti, Branka Petrovska, Toni Risteski, Vesna Cvetanovska | Congenital Hydronephrosis:Disease or Condition? | Contributuions, section of medical sciences, XXXV 2, 2014 | 20 години |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Владимир Чадиковски има 15-годишна академска кариера, со три избори во звање: помлад асистент, асистент и асистент докторанд.

**Посебни услови:**

- Две препораки од професори – од проф. д-р Љупчо Лековски и проф д-р Владимир Димов, супспецијалисти по урологија и дигестивна хирургија од К.Б. „Аџибадем Систина“ - Скопје.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=45; (НИ)=137; (САОР)=21 или вкупно 203 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 1998 год. е вработен на Универзитетската клиника за детска хирургија во Скопје. Во однос на наставно-образовната дејност, во периодот од 2001 до 2015 год. е избран за помлад асистент по предметот Хирургија и хируршка пропедевтика и активно е вклучен во одржувањето вежби на студенти по медицина и стоматологија. Во 2015 год. е избран за асистент докторанд. Од 2017 година е избран за научен соработник по предметот

Хирургија каде што држи 3 часа по Детска хирургија и два часа по Детска кардиохирургија. Од 2013 до 2020 год. го предава предметот Медицинско казнено право на постдипломски студии по казнено право на Правниот факултет „Јунстинијан Први" – Скопје при УКИМ.

Во текот на својата научноистражувачка дејност има објавено голем број стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Исто така, коавтор е во *Актуелни биоетички предизвици во Република Македонија* и *Law, Public Health Care System and Society*. Преку секојдневна работа на Клиниката за детска хирургија активно учествува во решавањето на стручните проблеми од областа на детската хирургија и детската кардиохирургија како на рутински, така и на сложени случаи. Во повеќе наврати бил на стручно усовршување на: Универзитетската клиника за детска хирургија АКН во Виена, Р Австрија, 2001 год.; Универзитетската клиника за детска хирургија Tirshova Белград, Р Србија, 2002 год.; Универзитетската клиника за детска хирургија UCLA, Лос Анѓелес, САД, 2004, трансплантација на црн дроб кај деца во Универзитетската клиника Saint-Luc – Брисел, Р Белгија, 2007 год.; трансплантација на црн дроб кај деца во Вермонт Универзитетот Flatcher Allen – Бурлингтон, САД, 2016. Од 2013 год. ја започнува екукацијата по неонатална и детска кардиохирургија под менторство на William Novick Global Cardiac Alliance – Мемфис, САД; Институт за мајка и дете, Белград, Р Србија; Kinderspital Zurich, Kinderherzchirurgie, Швајцарија; University Clinic for Pediatric Surgery "Tirshova" – Белград, Србија, 2017 год. во Вашингтон, САД, Инова клиничка болница.

**СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ**

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:**

1. Ендоскопски третман на везикоуретерален рефлукс во детска возраст, Миле Петровски, Ристо Симеонов, Лазар Тодоровиќ, Владимир Чадиковски, Шабан Мемети, Весна Цветановска, Бранка Петровска, печатено во Medicus 2012, Vol, XVII (1):212-216 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година
2. Ран третман кај новородено со синдром на каудална регресија, Симонида Спасевска, Радица Муратовска-Делиманова, Сајковски Александар, Душко Фидановски, Антони Христовски, Љиљана Којиќ, Аспазија Софијанова, Силвана Тимовска-Наунова, Влатко Чадиковски, Снежана Палцевска-Коцевска, Шукарова-Ангеловска Елена, печатено во Medicus 2009, Vol, XII (2) рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
3. Невролошките нарушувања – конвулзии по кардиохируршки интервенции кај деца, Манџуковска Христина, Розана Кацарска, Аспазија Софијанова, Констандина Кузевска-Манева, Владимир Чадиковски,Љиљана Којиќ, Радица Муратовска-Делимитова, Мими Кимовска-Христова, Силвана Наунова-Тимовска, Тамара Воиновска, Спасија Нешкова, Бети Ѓуркова, Валентина Јовановска, Марија Нешковска, Дафина Кузмановска, печатено во Physioacta 2016, Vol.10-No2 рецензиран во Билтен број 1163 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 февруари 2018 година.
4. Troponin – Factor for determination of myocardial ischemic damage in postoperative period of cardiac surgery in pediatric population, Mandzukovska Hristina, Sofijanova Aspazija, Maneva Konstandina, Chadikovski Vladimir, Ljiljana Kojikj, Muratovska-Delimitova Radica, Kimovska-Hristova Mimi, Naunova-Timovska Silvana, Voinovska Tamara, Neshkova Spasija, Gjurkova Beti, Jovanovska Valentina, Neshkovska Marija, Jakovska Татјана, Kuzmanovska Dafina, печатено во Acta Morphologica 2016, Vol.13 (2) рецензиран во Билтен број 1163 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 февруари 2018 година.

5. Cor triatrium sinister – ретка вродена срцева мана – наши искуства во дијагнозата и третманот во детска возраст, Констандина Кузевска-Манева, Розана Кацарска, Бети Ѓуркова-Ангеловска, Валентина Јовановска, Марија Нешковска-Шуменковска, Елита Манева, Слободан Илиќ, Милан Цукиќ, Владимир Чадиковски, печатено во Архиви на јавното здравје 2019, Vol.11 No.1 за рецензија во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Целта на трудот е да ја дефинира дијагнозата Cor triatriatum sinister како ретка срцева мана кај која левата преткомора е поделена на два дела со фибромускулна мембрана. Проксималната преткомора ги прима пулмоналните вени заедно со крвта која тие ја носат, а дисталната или (вистинска) преткомора е вообичаено празна и таа е поделена од комората со митралната валвула. Има постојана комуникација помеѓу двата дела на поделената преткомора преку која крвта се пренасочува кон левата комора. Маната е многу ретка, најчесто е изолирана, но може да оди во комбинација со други срцеви мани. Презентираме случаи на две деца на возраст од 8 и 3 години во времето кога е поставена дијагнозата. Кај двете причина за дијагнозата бил замор и чуен срцев шум. За поставување на дијагнозата беа користени анамнезата, клиничките знаци и симптоми, ЕКГ, рендген на срце и бели дробови и златниот стандард - ехокардиографијата. Дефинитивно излекување е направено со изведување на кардиохируршка ресекција на фибромускулната мембрана со користење на екстракорпорална циркулација. Потребно е регуларно периодично следење на децата со цел откривање на доцни компликации од типот на нарушувања на срцевиот ритам.

**Трудови со оргинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**

1. Repair of primary anterior hypospadia using Snodgrass procedure, Chadikovski V, Dimov A,Todorovik L, Simeonov R, Petrovski M, печатено во Physioacta Vol.9-No2 2015 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
2. Retrospective comparative study of primary anterior hypospadia repair using Snodgrass and Mathieu methods, Chadikovski Vladimir, Dimov A, Todorovic L, Simeonov R, Efremov Lj, Petrovski M, печатено во Acta Morphologica Vol.12 (2) 2015 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
3. Congenital Hydronephrosis:Disease or Condition? Mile Petrovski, Risto Simeonov, Lazar Todorovikj, Vladimir Chadikovski, Shaban Memeti, Branka Petrovska, Toni Risteski, Vesna Cvetanovska, печатено во Contributuions, section of medical sciences, XXXV 2, 2014 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
4. Pediatric Enigma in ICU – Late Treatment of Severe Sepsis: A case report, Gordana Taleska, Zorka Nikolova, Vesna Durnev, Maja Mojsova Mijovska, Elvis Aleksovski, Ljupco Donev, Trajanka Trajkovska, Marija Soljakova, Gordana Petrushevska, Aleksandra Gavrilovska, Vanja Dgambazovska-Trajkovska, Aleksandar Dimov, Vesna Cvetanovska, Vladimir Cadikovski, Risto Simeonov, печатено во Macedonian Journal of Medical Sciences, June 28, 2012 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
5. Liver pathology findings in infant with Caroli's syndrome, Blagica Dukova, Boro Ilievski, Snezana Duganovska, Vladimir Chadikovski, Aco Kostovski, печатено во International Journal of Hepatobiliary and Pancreatic Diseases, Vol. 2, 2012 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.

6. Simple congenital cysts of the liver and spleen, Dimov Aco, Cadikovski V, Petrovski M, Petrovski P, Simeonov R, печатено во Acta Morphologica Vol.8 (2) 2011 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
7. Cadaver Transplantation in Balkans: Mission Possible? Vladimir Chadikovski, Aco Dimov, Mile Petrovski, Risto Simeonov, Branka Petrovska, печатено во Macedonian Journal of Medical Sciences, 2011 Dec 15; 4(4):411-416 рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.

**Апстракти објавени во зборник на конференција – национална:**

1. Congenital hydronephrosis: Overdiagnosis and overtreatment? Petrovski M, Simeonov R, Todorovikj L, Chadikovski V. Memeti Sh, Ristevski T, Cvetanovska V, Новини во урологијата 16-17 април 2016 год., Скопје, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
2. Common Truncus Arteriosus – Case Report, Kacarska R, Maneva – Kuzevska K, Gurkova Angelovska B, Sumenkova Neskovska M, Sofijanova A, Jovanovska B, Paskalov G, Nonkulovski D, Cadikovski V, 5tjh Macedonian Congress of Cardiology, June 4-7, 2014, R. Macedonia, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
3. Трансплантација на црн дроб кај деца, Чадиковски В. 5. Конгрес на Здружението на педијатрите на Македонија со меѓународно учество – Зборник на апстракти и трудови, 2012, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
4. Терапевски пристап на ехинококоза во детската возраст, А. Димов, М. Петровски, З. Трајковски, Г. Тодоровски, П. Петровски, В. Чадиковски, Р. Симеонов, III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 9-13 септември 2003, Охрид, Република Македонија, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
5. Лекување на антериорни хипоспадии со „Snodgrass”-овата оперативна техника, В. Чадиковски, А. Димов, М. Петровски, Р. Симеонов, III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 9-13 септември 2003, Охрид, Република Македонија, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
6. Приказ на две деца со ехинококова циста во перитонеалната празнина, Р. Симеонов, М. Петровски, П. Петровски, А. Димов, В. Чадиковски, III конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, 9-13 септември 2003, Охрид, Република Македонија, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
7. Клиничко-радиолошка евалуација на абдоминалната и белодробната ехинококоза во детска возраст, Димов А, З. Трајковски, М. Петровски, П. Петровски, В. Чадиковски, Втор конгрес на радиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 21-25 јуни 2000, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
8. Хируршки третман на аноректални малформации со методата на постериорна, сагитална аноректопластика по Pena, Димов А, Петровски М, Петровски П, Камиловски М, Чадиковски В, II конгрес на хирурзите на Македонија со меѓунаодно учество, Охрид, 27-30 септември 2000, рецензиран во билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.

**Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународни:**

1. Prospective Randomized trial on the effects of magnesium infusion on levels of ionized magnesium and postoperative arrhythmias in congenital heart surgery, a pilot study, W. Novick, F. Molloy, I. Polivenok, V. Chadikovski, J. Gu, M. Cardanell, 7th Emirates Cardiac Society Congress in conjuction with 5th Scientific Meeting of the world society for pediatric and congenital heart surgery, 27 to 30 october 2016, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
2. Post operative complications and mortality after pediatric cardiac surgery in low and middle income countries, the devil is in the details, M. Cardanell, I. Polivenok, F. Molloy, A. Pyetkov, V. Chadikovski, W. Novick, 7th Emirates Cardiac Society Congress in conjuction with 5th Scientific Meeting of the world society for pediatric and congenital heart surgery, 27 to 30 october 2016, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
3. Transplantacija jetre u decjem uzrastu, Vladimir Cadikovski, 11th Danube Symposium Pediatric Surgery and 2nd Congess of Sebian Association of Pediatric Surgeons, Novi Sad, Serbia, September, 12-16, 2012, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.
4. Indications for conservative treatment in blunt abdominal traumain children – ten years experience, Petrovski M, Dimov A, Petrovski P, Chadikovski V, Simeonov R, Fourth European Congress of Paediatric Surgery, May 3-5, 2001, Budapest, Hungary, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.

**Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество:**

1. Living-related liver transplantation in children, Prospective Project, V. Chadikovski i sar. Sastanak Djecje hirurske sekcija SLD s medunarodnim ucescem, 26-28.09.2008, Cetinje, Crna Gora, рецензиран во Билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.

**Учесник во национален проект:**

1. Развој на неонатална кардиохирургијарецензиранво билтен број 1148 (ISSN-1857-9779) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 15 јуни 2017 година.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Владимир Чадиковски е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на **општата и дигестивната хирургија**. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постери и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни трудови и стручни трудови.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, Чадиковски ги држел вежбите по медицина и стоматологија, како и предавања по предметот Медицинско казнено право на постдипломски студии по казнено право на Правниот факултет „Јунстинијан Први" – Скопје при УКИМ.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Владимир Чадиковски активно учествувал во секојдневната работа на Клиниката за детска хирургија и детска кардиохирургија, каде што самостојно ги изведувал и најсложените хируршки зафати.

Активно учествувал во:

**Проекти:**
1. Organizational Board at Intrnational Workshop for Biotechnology and Transplantion – TAIEX EU; National Transplant Foundation; Skopje, Macedonia (2012);
2. Organizational Board at First Symposium For Stem Cells and Regenerative Medicine with International Participants – National Transplant Foundation; Ministry of Health of the Republic of Macedonia; Skopje, Macedonia (2011)
3. Organizational Board at Scientific workshop Yellow Baby – National Transplant Foundation; Ministry of Health of the Republic of Macedonia; Macedonian Pediatric Association; Skopje, Macedonia (2010)
4. Modification of the Law on the Coditions for Extracting, Exchanging, transferring and Transplanting Human Body Parts for Medical Treatment – Project in Collaboration With the Faculty of Law at the University "St Cyril and Methodius" - Skopje, Macedonia (2009)
5. Raising the Awareness for Organ Donation in the Republic of Macedonia – Initiative while President of the Board at Nationa Transplant Foundation, Skopje Macedonia (2008).

**Презентации / работилници:**
1. Danube Simposium Pediatric Surgery&Congress of Serbian Association of Pediatric Surgeons- Serbian Medical Association, Novi Sad, Serbia (2012);
2. Workshop on Requirements for Traceability and Notification on Serious Adverse Events and Reactions-TAIEX EU, Skopje (2011);
3. Workshop on Organ Donation and Transplantation Medicine Collaboration in South Eastern Europe- Ministry of Health and Social Welfare of the Republic of Croatia; TAIEX EU; Zagreb, Croatia (2011);
4. IPTA 2010 Fellows Symposium, Hannover, Germany (2010);
5. Children Surgery Section with International Participants- Clinical Center Montenegro, Cetinje, Montenegro (2008);
6. Three days intensive Workshop and Teaching Course of Treatment of Anorectal Anomalies -University of Belgrade, Belgrade, Serbia (2004).

**Семинари / симпозиуми:**
1. 32$^{nd}$ EACTS Annual Meeting in Milano, Italy (2018);
2. Scientific congress – Congenital malformation in R. Macedonia, Skopje, R. Macedonia (2018);
3. Scientific congress - Transplantation for tissue and organs, Acibadem Hospital, Skopje. R. Macedonia (2018);
4. Postgraduate Course Istanbul – Florence Nightingale Hospital Group, Istanbul, Turkey (2012);
5. Advanced Nutrition Course-Fresenius Kabi, Bad Homburg, Germany (2012);
6. South Eastern Initiative in Deceased Donation- ESOT; European Transplant; International Society For Organ Donation and Procurement; Skopje, Macedonia (2011);
7. Training Prometheus/ CiCa/ SW 8.3-Fresenius Medical Care Deutschland, Skopje, Macedonia (2009);
8. Central & Eastern European Postgraduate Course in Pediatric Surgery- EUPSA, Miskolc, Hungary (2006);
9. World Society of Cardio-Thoracic Surgeons-Split, Croatia (2013);
10. International Scientific Congress- Ohrid, Macedonia (2013);
11. National Congress for Pediatric Surgery- Bulgarian National Organization, Plovdiv, Bulgaria (2004).

Од 2016 до 2019 година е раководител на Одделот за детска кардиохирургија и интензивно лекување на Клиниката за детска хирургија.

Од 2019 година е раководител на Одделот за детска кардиохирургија и интензивно лекување при Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

Член е на:

- Македонско лекарско друштво;
- Здружение на детски хирурзи на Македонија;
- Здружение на хирурзи на Македонија;
- Европско здружение на детски хирурзи;
- Европска асоцијација за кардиоторакална хирургија;
- Македонското здружение на кардио/торакални хирурзи на РМ / предходен претседател.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена.

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци, Комисијата смета дека кандидатот д-р Владимир Чадиковски поседува стручни, научноистражувачки и наставно-образовни квалитети, исполнувајќи ги притоа законските услови за избор на наставник во насловното звање насловен доцент за наставно-научната област хирургија.

Врз основа на изнесеното, **Рецензенската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Владимир Чадиковски во звањето насловен доцент за наставно-научната област хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Андреја Арсовски, вонреден професор, претседател, с.р.

Д-р Влатко Цветановски, вонреден професор, член, с.р.

Д-р Александар Митевски, доцент, член, с.р.

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Владимир Чадиковски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | |
| 2 | Избор во звање асистент | 15 | | | | |
| 3 | Избор во звање асистент докторанд | 20 | | | | |
| | **Вкупно** | **45** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **во земјава** | | **во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **вкупно** |
| 1 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 5x9/6x1/12x3 | | | | 87 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник со трудови на научен собир | 10 | | | | 10 |
| 3 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2 | 6 | | | 12 |
| 4 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | 8 |
| 5 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | 6 | 12 |
| 6 | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | | | **137** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **во земјава** | | **во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **вкупно** |
| 1 | Поглавје од книга | 4 | | | | 4 |
| 2 | Пленарно предавање на стручен собир | | | 4 | | 4 |
| 3 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2 | 5 | | | 10 |
| 4 | Раководител на катедра/оддел/центар | | 3 | | | 3 |
| | **Вкупно** | | | | | 21 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **203** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ОФТАЛМОЛОГИЈА" ОД АВТОР ПРОФ. Д-Р НЕВЕНКА ЛАБАН-ГУЧЕВА, МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-268/18 од 235. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки - Штип, одржана на 24.12.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Милица Ивановска, редовен професор во пензија при Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
– проф. д-р Магдалена Антова-Велевска, редовен професор во пензија при Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОФТАЛМОЛОГИЈА**" од **автор проф. д-р Невенка Лабан-Гучева**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Учебникот „**ОФТАЛМОЛОГИЈА**" е наменет за студентите на Факултет за медицински науки. Предметот се изучува во IX семестар и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар. Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменета.

**Податоци за обем на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 210 страници, на 207 страници е претставен основниот текст, на 3 страници се поместени релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторката богато го илустрира материјалот со 155 слики, за сѐ што може да се претстави на сликовит начин за полесно да се разбере и запамети од страна на читателот.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во нашата држава досега е објавена „Општа офталмологија" од Костадин Јанев и Снежана К. Зечевиќ - второто и третото издание во Скопје, додека првото издание е објавено во Приштина (прво издание 1985 г. во Приштина, второ издание 2002 г. во Скопје и трето издание 2012 г. „Менора" - Скопје).

Учебникот „Офталмологија" на проф. д-р Невенка Лабан-Гучева е напишан во обем и на начин достапен за студентите на Општа медицина. Сметаме дека ова оригинално дело кое првпат ќе биде објавено во голема мера ќе им ја доближи материјата на студентите на многу поконцизен и station разбирлив начин.

Јазикот на кој е напишан овој учебник е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се технички прецизни.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „Офталмологија" се состои од деветнаесет тематски целини: 1.АНАМНЕЗА, 2. ОПШТА СИМПТОМАТОЛОГИЈА, 3. ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРОЦЕДУРИ, 4. КАПАЦИ (PALPEBRAE), 5. СОЛЗЕН СИСТЕМ, 6.ОРБИТА, 7. КОНЈУНКТИВА, 8. РОГОВИЦА (CORNEA), 9. СКЛЕРА (SCLERA), 10. ЛЕЌА (LENS), 11. ГЛАУКОМ (GLAUCOMA), 12. УВЕА (UVEA), 13. РЕТИНА (RETINA), 14. СТАКЛЕСТО ТЕЛО (CORPUS VITREUM), 15. ОЧНИ ПРОМЕНИ КАЈ СИСТЕМСКИ ЗАБОЛУВАЊА, 16. НЕВРООФТАЛМОЛОГИЈА, 17. БОЛЕСТИ НА ОЧИ КАЈ ДЕЦА,18. ПОВРЕДИ НА ОЧИТЕ, 19. АНОМАЛИЈА НА РЕФРАКЦИЈА, 20. РЕФЕРЕНЦИ.

Во првото поглавје на текстот е објаснет начинот на кој во офталмологијата се води разговор со пациентот со цел поставување правилна дијагноза. Пациентот ја кажува историјата на своите тегоби водејќи го лекарот со неговата лекарска вештина кон можниот вистински извор на болеста на пациентот. Од разговорот се преминува кон офталмолошките дијагностички процедури кои се специфични за различна патологија на очите и кои го овозможуваат поставувањето на правилна дијагноза. Обработени се сите делови на окото и патологијата на видот на систематски начин. Секое поглавје кое ги обработува поединечните делови на окото започнува со анатомски приказ, физиологија на тој дел на окото, патофизиологија на одделните делови за најмногу да се задржи на дијагностичките процедури, клиничката слика и лекувањето. Препознавањето на одделните ентитети е олеснето со големиот број слики кои се типични за одредената патологија. Начинот на лекување е опишан на најсовремен начин користејќи најнова референтна литература. Окото е орган кој е често засегнат кај системските болести, а понекогаш преку патологијата на окото може да се дојде до дијагнозата на некое системско заболување. Кај овие системски заболувања понекогаш може да дојде до губење на видот, една од најтешките состојби кај пациентите. Се смета дека после смртта, најтешка состојба кај луѓето е слепилото.

Заболувањата на очите кај децата се специфична патологија со специфичен начин на дијагностицирање и лекување, а понекогаш тие се дел од некој синдром. Во ова поглавје, авторката на многу едноставен начин, систематски ја обработува патологијата на очните заболувања во детска возраст.

Траумата на очите е многу честа во секојдневниот живот. Типовите на офталмолошките трауми се на разбирлив и концизен начин опишани според предизвикувачот на траумата, дијагностичките процедури кои се од особена важност кај пациентите со повреди, можните последици и нивно лекување.

Рефракционите аномалии се прикажани на едноставен начин, сликовито, користејќи шеми за прекршување на светлосните зраци за определена рефракциона аномалија, со што на студентите е олеснето разбирањето на настанувањето и причините за рефракционите аномалии.

**З А К Л У Ч О К**

Овој учебник наменет за студентите по медицина има висок квалитет, напишан е јасно и прецизно. Неговата систематизација е модерна, знаењата базични и современи, фактите проверени и сигурни.

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека предложениот ракопис за учебник по предметот Офталмологија е во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за медицински науки. Исто така, учебникот од педагошки и стручно-научен аспект поседува потребното ниво за студентите на прв циклус студии. Ваков учебник на

Факултетот за медицински науки во Штип, како и на другите медицински факултети во земјава сѐ уште не е објавен.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме учебникот „Офталмологија“ од авторката проф. д-р Невенка Лабан-Гучеве да го прифати како рецензиран учебник.

**Рецензенти**

Д-р Милица Ивановска, редовен професор по офталмологија во пензија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.

Д-р Магдалена Антова-Велевска, редовен професор во пензија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ/АУДИО ЦД СО НАСЛОВ „СОНАТНА ПРИКАЗНА"**
**ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ**
**ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2502-35/4 од 44-тата редовна седница на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија одржана на ден 30.1.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- Проф. д-р Татјана Џорлева, редовен професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип,
- Проф. д-р Емилија Попивода, редовен професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип,

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот **наслов „СОНАТНА ПРИКАЗНА" од авторот проф. д-р Ангеле Михајловски,** наменет за студентите од прв, но и втор циклус на студии на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало (аудио цд) со наслов „Сонатна приказна" е аудио запис по предметот Пијано 3, предмет од третиот семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2, наменет за студентите по пијано, особено за оние од Вокално - инструменталниот оддел, кои во третиот семестар како задолжителна композиција е предвидено да интерпретираат дело од жанрот Соната или друга циклична композиција која во својата градба содржи структура на сонатна форма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ова учебно помагало со наслов „Сонатна приказна" во себе содржи 3 (три) сонати за пијано од тројца различни композитори: Анри Дитије, Гоце Коларовски и Сергеј Прокофјев.

1. Henri Dutilleux, Piano Sonata op.1
   - Allegro con moto - 08:37
   - Lied - 06:03
   - Horal and variations - 11:18

Со вкупно времетраење од 25:58 минути

2. Goce Kolarovski, Piano Sonata op. 10
   - Andantino-animato - 04:41
   - Andante - 1:50
   - Presto (Toccata) - 08:48

Со вкупно времетраење од 15:19 минути

3. Sergei Prokofiev, Piano Sonata op. 83, No 7
   - Allegro inquieto - 08:24
   - Andante caloroso - 06:25
   - Precipitato - 04:20

Со вкупно времетраење од 19:09 минути

Вкупното времетраење на сите три сонати е 1 час и 26 секунди, а истите тие од страна на авторот како дел од ист репертоар, се изведени во повеќе признати концертни сали во земјава, но и во Франција, Бугарија, Србија итн., со што во потполност ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Сите овие композиции поединечно, многу често се изведувани од сериозни пијанистички имиња, за што постојат повеќе записи на интернет музичките канали, но аудио запис во овој формат како сите три заедно, нема познат пример, што е дополнителен мотив и оправданост за издавање на овој наслов.

**Краток опис на содржината:** Трите избрани сонати за пијано кои се дел од ова учебно помагало со наслов **„Сонатна приказна"** претставуваат, секоја на свој начин, значајни примери на сонатата на XX-тиот век, во пошироките рамки на светската музичка култура или во потесните рамки на локалната (регионалната) музичка култура. Најпозната е Сонатата бр. 7 од Сергеј Прокофјев која е многу често е на репертоарот на, речиси, сите концертни пијанисти, а, исто така, е предмет на анализа од страна на музиколозите и музичките теоретичари. Сонатата оп. 1 од Анри Дитије претставува архитектонска градба со исклучителна филозофска тежина која авторот многу внимателно и посветено ја создавал со огромна жртва кон неговото претходно пијанистичко творештво, и како таква, сè уште ретко се изведува. Сонатата од Гоце Коларовски op. 10, иако создадена во раниот творечки период, изведувана, главно, од домашните интерпретатори и дури во последните неколку години претставувана на концертните подиуми во други земји, поседува пијанистичка зрелост и музички баланс кој ја прави соодветна да биде дел од трилогијата сонати за пијано од композиторите на XX век обработени во ова аудио издание.

**З А К Л У Ч О К**

Аудио изданието со наслов **„Сонатна приказна"** ќе биде од исклучителна корист за студентите од прв, но и втор циклус на студии на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Високото и професионално ниво на интерпретација од страна на авторот на ова издание, може да им послужи како концепт за изведба на сите студенти кои студираат на насоката Пијано, но и да делува мотивациски за постигнување на поголеми успеси.

Имајќи ја во предвид сериозноста и тежината на содржината на ова аудио издание можеме да заклучиме дека истото ги задоволува критериумите и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствени основи за остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Воедно, му предлагаме на Наставно-научниот уметнички совет на Филмската академија да ја усвои позитивната рецензија на ракописот со наслов **„Сонатна приказна"** и да го одобри издавањето во форма на аудио цд во рамките на е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензенти**

Д-р Татјана Цорлева, редовен професор с.р.

Д-р Емилија Попивода, редовен професор с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| **Докторски студии – кампус 2** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Систем за амбиентално помогнато живеење и континуирано следење на биофизиолошки параметри<br><br>System for ambient assisted living and continuous monitoring of biophysiological parameters | 0206-142/4 од 3.2.2020 г. | Интерен ментор: проф. д-р Цвета Мартиновска Банде<br>Екстерен ментор: проф. д-р Андреа Кулаков | Александра Стојанова |
| 2. | Мониторинг на реналната функција кај хронично третирани пациенти со Нестероидни Антиинфламаторни Лекови - NSAID<br><br>Monitoring of renal function in patients chronically treated withNonsteroidal Anti-inflammatory Drugs - NSAID | 0206-143/3 од 17.2.2020 г. | Интерен ментор: проф. д-р Билјана Ѓорѓеска<br>Екстерен ментор: проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска | Дрита Узеири Хавзиу |
| 3. | Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации<br><br>Natural periods of civil Engineering objects obtained by measuring and processing of ambient vibrations tests | 0206-142/6 од 3.2.2020 | Интерен ментор: проф. д-р Владо Гичев<br>Екстерен ментор: проф. д-р Роман Голубовски, Институт за информатика, ПМФ, УКИМ - Скопје | Мирјана Коцалева |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови**
**одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | | |
|---|---|---|
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Нега, третман и едукација на респираторни заболувања во Општина Кочани во период од 2014 до 2019 година |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-44/20 од 6.2.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Гоце Марков |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Сестринска нега на пациенти со акутен инфаркт на миокардот пред и после перкутана коронарна интервенција |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-44/20 од 6.2.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Весна Станчевска |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Улогата на медицинската сестра при примената на интегративната медицина во третманот на пациенти со нефролитијаза |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-44/20 од 6.2.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Лидија Јаниќ |